СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 7 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 62 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ОДРЖАНА НА 7 МАЈ 1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 4, 20, 21, 46 дневен ред на стр. 6 и 9
2. АЛИУ ХАМИД – 24, 32
3. АРСОВ ДРАГИ - 38
4. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 48
5. ЗИБЕРИ НАСЕР – 32, 37
6. ИВАНОВ ИВАН - 48
7. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 19
8. ,ИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 49
9. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 10, 21
10. ПРЕВАЛА ШАБАН - 25
11. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 34
12. ПОПОВСКИ КИРО - 34
13. СТАНОЕВСКИ БОРКО – 7, 29 (Гувернер на Народна Банка на РМ)
14. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 18, 24
15. СТРФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 22
16. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 36
17. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 22
18. ХАЛИЛИ МУХАМЕД – 28, 36
19. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 3, 26, 28, 42, 44, 45, 53 (Влада)
20. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 8, 11


седницата продолжува на 11.05.1993г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 мај 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,10 часот.

Со седницата раководеше претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов и Симеон Наумовски , ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од Педесет и петтата и Педесет и седмата седница на Собранието Ви се доставени.'

Дали некој од пратениците има забелешка на записниците.(Не

Констатирам дека записниците од Педесет и петтата и Педесет и седмата седница на Собранието. се усвоени без забелешки.

За денешната седница поканети се:

Претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите на Владата на Република Македонија, Гувернерот на Народната банка на Македонија, Претставници на подносителите на Предлогот за донесуваше на закон за Продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија, за да се овозможи заокружување на дел од реформите на стопанскиот систем врз пазарни механизми. Имајќи предвид дека во деновите пред и по празникот "1 Мај" во дел од средствата за јавно информирање во Републиката беа изнесени коментари дека недостигот на денари во Републиката е последица на недонесувањето на Законот за промена на вредноста на денарот од страна на Собранието на Република Македонија, ви напоменувам дека Владата на Република Македонија, Предлогот за донесување по итна постапка на законот за промена на вредноста на денарот со Предлог на закон заедно со други предлози на закони од оваа област му ги достави на Собранието на 5 мај 1993 година со предлог да се разгледаат на седница на Собранието на 7 мај 1993 година, од што произлегува дека Собранието не било во можност овој закон да го разгледува пред денешниот ден.

Во предлогот на Владата за свикување на оваа седница, покрај другите акти, се и предлозите за донесување по итна постапка на Законот за промена на вредноста на денарот, Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија и на Законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од свикување на оваа седница и основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овие закони.

Има збор господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство,

Помина повеќе од една година откако Македонија монетарно се осамостои. Минатата година по тој повод Собранието одлучи како платежно средство да користи привремен бон. Оттогаш досега бонот може да се рече успешно ја изврши својата улога. Така и се планираше овој период , да не трае повеќе од една година. На јавноста и на сите вас ви е познато дека квалитетот на материјалот за изработка на бонот, имајќи предвид дека има времен карактер, беше релативно слаб, и после толку време сите сме сведоци дека како платежно средство почна да се јавуваат доста тешкотии во неговата употреба. Во текот на овој период, Народна банка на Македонија ги изврши сите потребни подготовки да се пуштат во промет правите пари, прави денари. Притоа имајќи ги предвид инфлаторните движења во текот на оваа година на сите ни е познато во која мера е изгубена и вредноста на бонот. Се користи приликата при воведувањето на правите пари да се изврши и деноминација и за сто денари бонови да вреди 1 нов денар. Бидејќи не е оправдано и понатаму да печатиме бонови и времето од една година беше доволно да се проба Владата предлага по итна постапка да се разгледа и да се усвои Законот кој овозможи пуштање во промет на прави пари со далеку подобар квалитет. Времето е погодно овие денови кога е викенд итн., да може што побезболно да се изврши премин од една во друга парично средство за плаќање.

Во врска со тоа користиме прилика бидејќи Владата заедно со Народната банка подготви во согласност со определбите на ова Собрание, реформа на монетарниот и девизниот систем, сакаме да укажеме на итноста од разгледување и разгледување на некои измени од Законот за Народната банка, а во врска со тоа и Законот за конверзија на краткоро

чните кредити одобрени за селективни намени во долгорочни кредити.

Владата исто така смета дека е потребно во овој пакет на законски предлози да се разгледаат и законите кои ги поминаа сите пропишани фази, Законот за банките, Законот за девизното работеше, Законот за кредитните односи со странство и некои други кои се на дневен ред. Меѓутоа, бидејќи денеска комисиите на Собранието успеаа да ги разгледаат првите три, ние молиме на денешната седница, поради итноста на првиот закон, да се разгледаат првите три на денешната седница, а за другите да продолжи седницата кога Претседателството на Собранието ќе оцени дека е целисходно и можно. Во таа смисла молиме, првиот закон да има предност по итна постапка да биде разгледа и да биде усвоен со цел веднаш да се пристапи кон неговото реализирање и избегнување на сите проблеми кои произлегуваат од употребата на веќе дотраените бонови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овие закони да се донесат по итна постапка, молам да крене рака. (68 пратеника)

Дали има некој против?(5 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(3 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Ве известувам дека измина рокот во кој според Деловникот на Собранието на Република Македонија, до Собранието требаше да биде доставен писмен извештај по повод Интерпелацијата за работа на членот на Владата и министер за образование и физичка култура д-р Димитар Бајалџиев.

Со оглед на тоа што извештајот не е доставен во рокот предвиден со одредбите на Деловникот на Собранието, исполнети се условите за ставање на интерпелацијата на дневен ред на оваа седница на Собранието.

Меѓутоа, со оглед на тоа што оваа седница ја свикав по барање на Владата, а согласно член 97 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам интерпелацијата да биде ставена на дневен ред на наредната седница на Собранието.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?(66 пратеника)

Дали има некој против?(1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(нема)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог?(Се согласуваат).

Кој е за молам да крене рака? 64 пратеника)

Дали е некој против?(2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласањето?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница , предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (74)

Има ли некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласањето?(1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на закон за промена на вредноста на денарот;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија;

3. Предлог на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити;

4. Предлог на закон за банки и штедилници;

5. Предлог на закон за кредитни односи со странство;

6. Предлог на закон за девизното работење;

7. Предлог на закон за надворешно- трговското работење;

8. Предлог на закон за странски вложувања;

9. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, општ и посебен дел, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за инспекција на трудот, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон;

14. Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1993 година.

Кој е за предложениот дневен ред?

Се извинувам еден момент една интервенција на гувернерот на Народната банка.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Народна банка на Македонија своевремено достави проекција на монетарната политика за 1993 година согласно членот 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија. Согласно членот 7 од истиот Закон Собранието треба да ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарно- кредитната политика во 1993 година. Мислењето од Владата е изготвено и доставено до Парламентот. Сметам дека оваа Одлука треба да се стави на дневен ред како точка 15 од Дневниот ред и биде донесена на ова Собрание , бидејќи и таа е во пакетот на мерките за кредитно-монетарната политика.

Инаку, досега навистина бевме во една непријатна состојба да моравме да спроведуваме монетарно- кредитна политика само врз основа на проекцијата која не е потврдена во ова Собрание, со одлука за целите и задачите.

Јас молам, овој предлог да го уважите и да ја уврсите Одлуката во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да се разбереме. Предлагачи овде може да бидат се разбира пратениците и Владата. Народната банка праќа материјали овде, но не е предлагач. Затоа е и овој застој. И молам да се преиначи.

Има збор претседателот на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Веројатно ќе ни треба некое време малку да ги уходаме работите. Инаку точно е дека овластен предлагач Народната банка не е, меѓутоа, Народната банка во дел од своите ингеренции директно доставува материјали до Собранието и Собранието ги утврдува и ги донесува, а по нив Владата само се изјаснува. Значи, се поставува прашање зошто би била и Владата предлагач на проекцијата за кредитно- монетарната политика, а не на пример Претседателството на Парламентот. Меѓутоа, за да се надмине овој проблем, ако е потребно од формална страна се согласуваме ние да се јавиме како предлагачи на проекцијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателството на Парламентот не е овластен предлагач.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Претседателот во секој случај е овластен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, јас морам да се потпрам на предлог на овластен предлагач. Народната банка е должна тоа да го достави до Парламентот, но Владата е предлагач и пратениците.

Ве молам да се држиме до прописите.

Бидејќи е предлог на Владата, сега, инаку е испратено како предлог на Владата, но не е во писмото за оваа седница што го упати Владата. Само тоа не е, да се разбереме, инаку Владата си има упатено предлог. Ве молам,сега Владата го менува ставот, со тоа што го уфрлува во овој пакет. Интервенцијата на претседателот на Владата така ја сфаќам.

Тогаш ќе Ви го прочитам уште еднаш дневниот ред.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на закон за промена на вредноста на денарот;

2. Предлог на закон за изменување и дополнуваше на Законот за Народната банка на Република Македонија;

3. Предлог на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити;

4. Предлог на закон за банки и штедилници;

5. Предлог на закон за кредитни односи со странство;

6. Предлог на закон за девизното работење;

7. Предлог на закон за надворешно- трговското работење;

8. Предлог на закон за странски вложувања;

9. Предлог на закон за гаранција на Република .Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот закон на Република Македонија, општ и посебен дел, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за инспекција на трудот, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за продажба на становите во општествена сопственост, со Предлог на закон,

14. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика во 1993 година;

15. Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1993 година.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(75)

Има ли некој е против?(никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Пред да му дадам збор на господинот Михаил Пановски, Ве известувам дека иако прочитав дека господинот Гештаковски е оправдано отсутен, тој сепак дојде на седница, го поздравувам неговото присуство, бидејќи тоа е после еден подолг период на опоравување после сообраќајна несреќа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, Колку што можев да слушнам од излагањето на господинот министер за финансии, ја образложи итноста на првата точка, за другите точки итноста за нивно заседавање и денешно одлучување не беше образложена. Со оглед на тоа што ние материјалите за денешната седница под точките 1,2,3,6,7,8,9 и 14 сме ги добиле денеска, а со оглед на тоа дека се работи навистина за обемни материјали и од суштествено значење за животот во Републиката, сакам да предложам после првата точка седницата да се прекине и да продолжи во текот на идната недела со цел да можеме да ги проучиме добро материјалите и да можеме по нив да се изјасниме на еден вистински начин. Сметам дека доколку денеска одлучуваме и гласаме за нив не ќе бидеме спремни да гласаме онака како што мислиме од причина што едноставно немавме ни време да ги прочитаме овие материјали со оглед на обемот на тие материјали.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во интерес на демократијата и одлучувањето и работењето на овој парламент предлагам после првата точка седницата да се прекине и да продолжиме во текот на идната недела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер ја образложи итноста на седницата.

Тој го наведе само законот за вредноста на денарот, но тој образложи само за итноста. Му беше само таа задача. Сега ние ќе одиме понатака, после ќе дојде до изјаснување, затоа што експозе по предлозите на актите за кој Владата бараше да се разгледаат на оваа седница ќе поднесе претставник на Владата на РМ. Во тоа експозе ќе се образложи што се смета пакет и има итен карактер и тие можеме да ги разгледаме, а другите можат да се одложат. Мислам и господинот Пановски така ги сваќа работите.

Го молам претставникот на Владата да поднесе експозе.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. На почетокот би сакал да го изразам своето задоволство што после подолго време пред највисокото законодавно тело на Републиката се наоѓа дневен ред со пакет закони од економската сфера. Воедно би ја искористил оваа прилика и да ја најавам намерата на Владата на РМ и истовремено нејзината сугестија до Собранието, во периодот што ни престои како наш заеднички приоритет да ги поставиме токму прашањата од економскиот и стопанскиот систем. Не само заради тоа што состојбите тоа го наметнуваат, туку и заради фактот што сето останато што е предмет на расправа во овој парламент,

недвојбено се разбира,што е нужно и неопходно доколку не се потпира на соодветни реформи и резултати на економски план, станува во сферата на гола политика, да не речам пдлитиканство. Непосреден, се разбира не и единствен повод да ја држиме оваа седница токму со ваков дневен ред и токму денес е намерата за промената на вредносните бонови со вистински книжни и ковани пари и тоа министерот за финансии веќе во образложувањето за итноста на седницата, тоа го образложи пред пратениците. Не треба да напоменувам дека тој чин има и историска тежина бидејќи за прв пат суверена и самостојна Република Македонија, своите вистински пари ги става во оптек, доколку земеме предвид дека досега се користевме со вредносни бонови. Заедно со воведувањето на парите се предлага и деноминација на вредноста на денарот во однос 100 / 1 , спрема неговата досегашна вредност во оптек. Интенцијата е сосема јасна, намалување на трошоците за изработка на парите, помала циркулација на парите во оптек, поедноставување на книговодствената евиденција и вршењето на платниот промет во земјата.

Прашање кое' сосема логично може да се постави , е зошто Владата инсистира овие закони да се гледаат во пакет. Одговорот произлегува од проценката дека постои меѓусебна поврзаност и упатеност, така што нивното заживуваше во пракса во одредена мера зависи од нивното истовремено стапување на сила. Впрочем, поголемиот дел од овие закони веќе имаат минато низ претходна собраниска процедура и ова е всушност последната фаза од собранискатa расправа, освен првите три закони кој што се наоѓаат пред вас во дневниот ред, кој што се наоѓаат под итна постапка на денешниот дневен ред, сите останати се наоѓаат во завршна фаза, значи некој од нив имаат три фази претходи, некои две фази во зависност кој како бил гледан во собранискатa расправа така да не се апсолутно или во поголема мера новина за пратениците.

Се разбира дека за секој од предложените закони надлежните министри и овластените претставници на Владата ќе дадат , се разбира доколку е потребно, соодветно образложение, ќе ги коментираат амандманите или конкретните сугестии.

Јас ќе се обидам во сосема кратки црти да ги извлечам главните поенти штос о себе ги носи овој пакет на закони.

Прво, заокружување на економскиот систем на Република Македонија во секторите на надворешно трговското и банкарското работење, како и поставување на нов концепт во водењето на монетарната и девизната политика.

Со предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за народна банка на Република Македонија се обезбедува поголема самостојност на Народната банка, во остварувањето на нејзините уставни функции со новиот концепт, реформа на монетарниот и девизниот систем и политика, како и прецизирање и прилагодување кон решенијата што се предлагаат со Законот за банките и штедилниците.

Во оваа смисла , се предвидува Народната банка да може да издава и други хартии од вредност,. а не само благајнички записи, засилување на пазарните механизми, односно инструменти за емисија на пари со купување и продавање на странски и домашни хартии од вредност. Се овластува Народната банка да ја утврдува висината и начинот на формирањето на посебната резерва и гарантниот капитал кај банките за покривање на ризиците во работењето . Се обезбедува гарантирање на Народната банка' на Македонија по денарските штедни влогови, во согласност со;практиката која се применува во развиените земји со пазарна економија, регулирање на селективните кредити итн.

Предложениот закон за банки и штедилници претставува воведување на сопствен банкарски систем иманентен на сувереноста на Република Македонија и на пазарната' економија. Во подготовката на овој закон се користеа искуствата на низа западно европски држави.

Значајно е да се напомене дека со решенијата на законот се изедначуваат условите за основање на банки од страна на домашни и странски правни и физички лица, така што во нашата Република треба да се очекува засилување на конкуренцијата во банкарството, поголем прилив на капитал и поефикасно делување на банките.

Значајно е исто така да се нагласи дека се предвидува поадекватна гаранција за заштита на влоговите на правните и физичките лица, од што би произлегла поголема доверба на штедачите кон банките

Оттука, произлегуваат и напоредните измени во законот за Народната банка на Република Македонија, со кои се врши дисперзија на тој ризик. Имено, гарантирањето на денарските штедни влогови се врши во определен сооднос, меѓу Народната банка и деловните банки, додека девизните влогови целосно ги гарантираат деловните банки.

На овој степен на развој на Република Македонија кредитните односи со странство имаат се позначајно место. Оттука и потребата со нов закон да се изградат соодветни правила на однесување за сите форми на кредитни работи, меѓу домашните и странските лица. Предложениот закон му овозможува на секого да се задолжи во странство но согласно со неговата економска способност и реалните извори за враќање на кредитот. Спрема тоа Републиката целосно се исклучува од гарантирањето на кредитите што беше случај досега. Законот за странски вложувања има основна интенција да создаде поволни услови на привлекување на странски капитал во

нашата земја, што е составен дел на целите за позабрзан стопански развој. Странските вложувања со предложените решенија по својата форма ја надминуваат класичната пракса на кредитни односи, што е особено важно, бидејќи ризикот, одговорноста но и правата ги има странскиот вложувач, од тоа произлегува и неговата обврска за внесување модерна технологија и за држење чекор со светските технолошки достигања. И овде се внесени решенија со кои се предвидува еднакво третман на домашните и странските лица во принцип не се ограничуваат областите во кои може да се вложува, а странецот ужива висока заштита на правата што произлегуваат од влогот.

Значајно е што со мерките на тековната економска политика му се овозможува на странецот да го репатрира влогот или да ја инвестира добивката.. При тоа, предвидени се и редица даночни олеснување во почетниот период во вид на ослободување од данок или плаќање на царини или други увозни давачки за увезентие добра кои претставуваат влог на странецот,. Ова посебно е значајно за увозот на опрема потребна за развојот на Република Македонија. Значително се олеснети формалностите за вложување, односно не постои потреба од посебна согласност. Донесувањето на законот за надворешно трговско работење има за цел да придонесе за изградбата на модерна и динамична надворешна трговија врз принципите на пазарна и отворена економија која постои во развиените земји. Тоа значи дека со надворешна трговија под еднакви услови можат да се бават сите субјекти, максимално се либерализира извозот и увозот, а и таму каде што постојат ограничувања предвиден е механизам за равнорпавно учество и третман на претпријатијата. Што значи дека ако говоревме дека првата поента или дух кој што преовладува во овој пакет на закони е заокружување на економскиот систем во подделни сектори, тогаш

би рекол втората  главна поента што се провлекува низ овој пакет на закони би можеле да ја означиме како радикализација на реформите во економската сфера.

За да ја илустрирам оваа констатација ќе се задржам само на два по мое мислење исклучително важни моменти.

Една од главните новини што со себе ја носи Законот за девизно работење е напуштање на политиката на фиксен курс и воведување на флуктуирачки курс кој ќе се формира во согласност со понудата и побарувачката на девизи, овозможува формирање на девизен пазар меѓу правните лица во рамките на овластените банки, како и заживување на менувачкиот пазар на плаќање меѓу физичките лица., Граѓаните би биле слободни во располагањето со своите девизи, било да ги продаваат на овластените банки и менувачници, да плаќаат во странство за одделни свои потреби, или пак да ги чуваат на своите девизни сметки или книшки. Се очекува флуктуирачкиот или ако сакате единствено реалниот курс диктира од механизмот на понуда и побарувачка да биде пред се, стимулација на извозот, како и на благовремениот прилив на девизи.

Вториот момент на кој би сакал да го свртам Вашето внимание е напуштањето на досегашниот начин на одобрување на кредити од средствата на примарната емисија, односно замена на досегашното одобрување на тие средства преку селективни реесконтни кредити, со други пазарни инструменти на монетарната политика. Не треба да имаме сомневање дека овој премин нема да биде ни малку лесен и без тешкотии. Со цел да се ублажат проблемите што ќе произлезат од оваа транзиција се предлага законот за претоварање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити со кој ќе се изврши конверзија на кредитите од областа на земјоделството. Ефектот од оваа операција ќе изнесува

околу 45 милијарди денари, при што Народната банка ќе ги одобри долгорочните кредити на банките со рок на враќање од 15 години, кој опфаќа и грејс период од 10 години. Под истите услови банките ќе им ги одобрат кредите на крајните корисници.

Верувам дека и низ парламентарната расправа ќе провејуваат истите дилеми со кој се соочувавме и ние во Владата.

Прво, дали во вакви услови во кој што се наоѓаме, тука пред се мислам на најновите санкции кој ќе имаат катастрофално дејство на нашето стопанство и за кои во наредните денови Владата ќе побара , посебна седница на Собранието, за да ги информира пратениците за економските и безбедносните состојби. Може да се отпочне со вакви радикални потфати. Дали во една социјално пренапрегната ситуација ќе може да се издржи товарот кој несомнено ќе го носат ваквите промени. Дали можеби не треба да се причека да се создадат поблагопријатни услови како би се зголемиле шансите за успешност. Меѓутоа, да се потсетиме, истите тие аргументи беа споменувани во сите овие изминати години кога ќе се правеа обиди за порадикални реформски зафати во сферата на економскиот систем. Во меѓувреме наместо подобри услови ситуацијата перманентно се влошуваше.

Доколку се согласуваме, ја длабоко верувам во тоа дека како некоја перспективна цел за тоа стојат и сите партии кои што учествуваат во работата на овој парламент, дека порано или подоцна овие промени се нужни , тогаш свени за сите тешкотии, да ги отпочнеме уште денес. Секое одлагање само ја зголемува цената што при тоа мора да се плати. Очекувам и јас и сите членови на Владата поддршка од парламентот и од сите парламентарни групи по однос на предложениот пакет на закони. Јас повторно велам дека се работи за пакет на закони тука и министерот за

финансии се обиде да објасни дека постои една поврзаност помеѓу законите кои што се наоѓаат на денешниот дневен ред. Меѓутоа, со оглед на тоа дека е веќе доцна попладне очекувам дека тешко ќе биде да се предвидува дека можно е вечерва да заврши расправата по целиот дневен ред. Во тој случај мојата сугестија до сите вас пратениците, пред се и до претседателот на парламентот, кој што ја води оваа седница е во најмала рака првите три закони кој што се наоѓаат на дневен ред да бидат поминати уште денес, бидејќи тие се непосредно врзани помеѓу себе, а по информациите со кој располагам тие закони се поминати на сите собраниски тела , така да постојат веќе и ставови и извештаи од комисиите. Така да, во најмала рака денеска би инсистирале како•Влада да се гледаат и усвојат првите три закона, а што се однесува до останатите за нас е што е побрзо тоа е подобро. Се разбира ние би инсистирале да биде тоа утре, или понеделник, или вторник, најбрзата можна варијанта што е можно да се обезбеди од страна на парламентот.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, сметам дека редоследот на утврдениот дневен ред треба да се измени за да се заокружи пакетот на закони и одлуки од економската сфера ј .предлагам после точката 9 точката 10 да биде одлуката за целите и задачите на монетарната политика и 11 да биде предлог одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1993 година, со тоа што овие други точки да уследат онака како ќе им биде редоследот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние во расправата најверојатно така ќе постапиме, но редоследот на дневниот ред не треба да го менуваме, станува збор за ранг на акти, ова се закони, а тоа се одлуки и затоа така е концепиран дневниот ред.

Ни предложи господинот претседател на Владата што тој предлага денес да минеме и предлагачот не инсистира на гласање.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе мислам дека настана недоразбирање при утврдувањето на дневниот ред, јас од таму барав збор и викав, меѓутоа Вие не ме видовте незнам зошто, имав доставено еден предлог за работен заклучок, не за изменување и дополнување на дневниот ред, туку само работен заклучок што Вие практично го отфрливте, незнам зошто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе Ви објаснам.

Јас овде уврстувам само тоа што е на дневен ред. Тоа што не е на дневен ред не одлучува Собранието. Затоа што соопштувам а не е на дневен ред одлучувам , јас, а вашето обраќање го испратив до Владата ќе добиеме мислење од Владата и тогаш ќе видиме дали ќе се уврсти во дневниот ред или ќе ви испрати веднаш информација. За тоа не треба заклучок, тоа не беше предлог на дневен ред.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Ова го примам како Ваше лично толкување на деловникот. Собранието усвојува работни заклучоци и мислам дека за работни заклучоци воопшто не е потребно мислење од Владата, а целта ми беше пред се да ова Собрание сериозно да се зафати со овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не отвораме расправа што Ви е целта.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Ама јас барав збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добивте збор, прашавте и сега одете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема расправа за тоа господине Јакимовски. Кога тоа ќе дојде на дневен ред, за тоа тогаш ќе расправаме.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Кога ќе дојде на дневен ред?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш кога ќе дојде. Сега не е. Ве молам, ослободете ја говорницата.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Народна банка не е овластен предлагач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ослободете ја говорницата.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Не ја ослободувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас молам службите да ми ја ослободат говорницата. Ние имаме 120 пратеници, на сите им припаѓа, а не само на господинот Јакимовски. Сега тој треба да ја ослободи говорницата.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Господинот Јакимовски е еден од тие што најмалку ја користат говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ослободете ја говорницата. Само јас овде одобрувам кој може да биде на говорница.

Ве молам, да ја следите седницата. Кога прашав дневниот ред да не се проширува, сите се сложивте и тоа го изгласавме. Надвор од дневниот ред немам право јас да ставам ниту работни заклучоци, ниту ништо. Тоа во рамките на точка од дневен ред се донесуваат и заклучоци и се, во рамките на некои точки на дневен ред. Инаку ќе имаме две фази на работа: работни заклучоци и дневен ред. Тоа е невозможно. Немојте така. Работете како што треба по Деловникот. Неговото писмо на господинот Јакимовски е упатено веќе до Владата, тоа е во таа постапка. Да беше во постапка итна сега да го ставиме на дневен ред ќе го повикав да ја образложи итноста. Меѓутоа, не беше така во писмото и затоа оваа е постапката.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Го прифаќам излагањето на господинот премиер во смисол на моето претходно барање, но сакам да се прецизира доколку се сложиме денеска да работиме по првите три точки, јас прифаќам и предлагам 1 во почетокот на другата недела да продолжиме по останатите точки. Со оглед на тоа што по четвртата точка Предлог на закон за банки и штедилници, а повторувам дека денеска кога доаѓавме ние овде како пратеници на опозицијата,за господата од позицијата незнам, не го знаевме дневниот ред. Јас имам подготвено неколку амандмани кои што не ни знаев дека ќе биде тој закон на дневен ред. Затоа барам прецизно да се договориме дека ќе работиме по првите три точки, по тој пакет на Владата како што го викаат, а по четвртата точка ќе продолжиме со работа во текот на идната недела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие го чувте предлогот на претседателот на Владата. Нема што да се договараме. Тоа го работиме што го предлага претседателот на Владата. Седницата е свикана по барање на Владата. Следете ја седницата, следете

се што се случува. Тој рече во најмала рака трите први точки се пакет, ако внимававте.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници навистина имаме еден пакет на закони, би рекол од системско значење и во оваа прилика ја искажувам спремноста на пратеничката група ан ВМРО-ДПМНЕ да го прифати предлогот на претседателот на Владата господинот Црвенковски да се расправа и одлучува по првите три предлога. Додека по оние закони кои што ги добивме на маса во оваа сала исто така во духот на неговиот предлог да се одложат за расправа за идната недела. Мислам дека не треба никакво подобро образложение од она што го даде претседателот Едноставно ние како пратеници да се запознаеме, барем да имаме можност да ги прочитаме за да има квалитет расправата при нивното усвојување. Ова е предлогот на нашата пратеничка група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зошто предлог врз предлог? Тоа си се исти предлози. Нема никаков спротивен предлог.

Минуваме на **точка 1** - Предлог на закон за промена на вредноста на денарот.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно- правната комисија и Комисијата за економска политика и развој, ви се поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, една мала исправка извештајот на Комисијата за економска политика и развој се уште не е

поделен и затоа барав прв збор околу овој предлог на закон. Прво тоа што овде ќе го кажам, го кажав и на седницата на Комисијата дека не го прифаќам предлогот за донесување по итна постапка на закон за промена на вредноста на денарот, не од причини што не ни треба да извршиме деноминација на денарот, не од причини што не ни треба замена на денарите, туку на прв план против сум овој закон, бидејќи со овој акт што денеска ќе го донесеме ќе воведеме во употреба, односно во оптек пари со кои што во никој случај не се согласувам со нивниот ' изглед. А како што знаете, еве денеска ги добивме ние тие пари. Тука пред се доминираат верски обележја. Јас не се согласувам во тие пари да има верски обележја. Некој сега ќе рече тоа не е предмет на расправа. Меѓутоа, е, бидејќи со овој предлог на закон веќе се деноминира, заправо банкнота бон и со тоа фактички се избегнува на еден вешт начин ние воопшто во Парламентот да расправаме за изгледот на парите. Знам и тоа дека Советот на Банкаta уште во месец септември минатата година го има тоа направено, знам дека имавме и одредени консултации. Меѓутоа, на крајот на краиштата овде и понатаму се оди по старо, на еден ве[t начин се настојува ние да прифатиме нешто што 50% од граѓаните во Републиката не се за такви нешта, не се за верски обележја и тн. Тука покрај верските обележја има една голема неправда на добар дел на граѓани на Републиката што им се нанесува со овој акт, со тоа што во банкнотата има само едно писмо, кирилично писмо. Ние во стара Југославија имавме .три писма и тоа: српско- хрватски, словенечки и македонски. Сега кога настојуваме сите да градиме една нова држава, тука повторно се оди на некој стар начин. И без оглед на тоа ако некој префрлува "не е федерација" јас сметам дека ова е мултинационална средина кое што треба и оваа Влада да го има во предвид.

**ХАМИД АЛИУ:**

Ценето претседателство, господа пратеници, валутниот систем е збир на законски прописи кои ги регулираат сите прашања. Ако е така, зошто конкретно во пакет систем не се носат со деноминацијата и другите прописи за реформата на монетарниот систем и новиот концепт на монетарната политика? Вредноста на една валута, па и на денарот за мене има деривативен карактер. Практично од вредноста на валутата може да се добие сопствен допринос што одговара на дел од општествениот производ и услугите. Ако валутата на една земја служи како обрачунска единица и средство за размена, има прометна вредност, мерило на пазарна вредност, тоа е цена. А од другата страна денеска добивме информација' дека соодветното министерство, министерот и Владата биле во тесна соработка со Народната банка, а во вакви случаи се носат банкноти каде има обележје само на една конфесија, а се заборава дека во Македонија не е само православната, туку и исламската. Во протест јас лично и мојата парламентарна група нема да го гласаат овој закон и покрај тоа што знаеме Што е деноминација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи не се поделени извештаите на Комисијата за економска политика и развој и на Комисијата за финансирање и буџет, претседателите на комисиите се и известители и треба да го известат Собранието.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, на денешната седница Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Предлогот на закон за промена на вредноста на денарот и во целост го поддржа предложениот Закон онака како што е предложен од Владата. Инаку имаше во расправата одредени мислења кои што беа расчистени на самата Комисија, пред се околу тоа

дали со Законот за употребата на вредносните бонови продолжува важноста и за денарот како платежно средство во Република Македонија и тоа посебно не би сакала да го потенцирам пред Собранието. Но, слу шајќи ги излагањата на претходните дискутанти само сакам да кажам де ка со овој предлог на закон кој што гласи: за промена на вредноста на денарот не се воведува нова парична единица т.е. со овој закон не маме донесување на денарот како платежно средство во Република Македонија. Тоа е воведено на 26 април со Законот за паричната единица врз база на Законот за Народна банка, Народна банка донесува одлука кога треба да се изврши промена од вредносниот бон да се дојде до парична единица денар. Сметам дека не држат, сега во моментот кога расправаме за Законот за промена на вредноста на денарот претходните излагања и од двајцата дискутанти.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Комисијата за економска политика и развој расправаше во врска со овој закон и притоа беше истакнато дека одредбите на Законот чие донесување се предлага се кратки, јасни и имаат повеќе техничко значење. Особено беше изнесено дека одредбите на овој закон имаат и политичко и психолошко зрачење. Во претресот беше изнесено издвоено мислење,со кое беше изразена несогласност во поглед на содржината и графичкото обликување на парите денарите.

На текстот на Предлогот на закон, Комисијата ги предложи следниве амандмани:

Првиот амандман се однесува на бришењето на членот 3. 0бразложение, овој амандман се предлага од причина што во членот 3 се врши повторување на одредбите содржани во членот 2.

Вториот амандман се однесува во врска со членот 5, ред трети, после зборот "плаќањето" се додаваат зборовите: "чекови по / тековни сметки", а текстот до крајот на членот" останува.

Образложението во врска со оваа измена се однесува на тоа што овој амандман се предлага со цел и кај овој инструмент на плаќање да биде извршена деноминација.

Амандманот 3 на овој закон се однесува на член 9, ред трети бројот "25" се заменува со бројот "50", а во ред четврти, зборовите: "износот од 26 до 75 дени ќе се заокружува на 50 дени", се бришат, а во ред петти, зборовите: "од 76 до 100" се заменуваат со зборовите: "над 50".

Овој амандман се предлага со цел, да се изврши поедноставување на постапката на пресметување.

По однос на предложените' амандмани од Комисијата, претставникот на Владата на Република Македонија дополнително ќе се произнесе, барем така беше констатирано.

Врз основа на расправата Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да го претресе и усвои Предлогот на законот за промена на вредноста на денарот, заедно со предложените амандмани од Комисијата, со еден глас против.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, господинот пратеник Хамид Алиу незнам врз база на кои елементи заклучи во какви врски е Министерството за финансии, Владата и Народна банка и рече дека биле, открил дека биле во тесна врска.

Државните органи, држави кои претендираат тоа да станат не се ниту во широки врски или во тесни врски, туку се во законски врски. Законите ги носи ова Собрание и соработката, односите се одвиваат врз база на тие закони за кои гласал и пратеникот Хамид Алиу. Бидејќи повод да го констатира тоа му дава обликот на парите кој е најавен во средствата за

јавно информирање, сакам да му одговора следното: Минатата година ова Собрание чиј член е и пратеникот Хамид Алиу донесе Закон за Народна банка на Република Македонија. Колку што мене ми е познато немам информации дека господинот Хамид Алиу гласал против тој закон со кој Народната банка на Македонија во голема мера се осамостојува. Тоа осамостојување значи дека одлучува самостојно за кредитната и монетарната политика, одлучува за изработката и пуштањето во промет на парите, одлучува за обликот на парите, а Народната банка како што ви е познато е директно поврзана со тој закон со Парламентот. Според тоа, треба да биде јасно секому дека Министерството за финансии и Владата и да сака не може да стапи во никакви други врски со ниеден друг орган, па ни со Народната банка освен оние што се пропишани со законот кога се работи за Народната банка, со Законот за Народна банка кој го изгласал овој Парламент. А јас дополнително ќе се интересирам, а не е ниту битно, кој бил против тој закон, сите тие права да се даваат на органите на Народна банка да одлучува за обликот на парите. Тоа сакав да кажам дека врските на Министерството, на министерот и на Владата, на Банката, на Парламентот се уредени со закони. Тие не се ниту потесни, ниту пошироки.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Не е воопшто битно дали некој пратеник тука бил против Законот за банките итн., битно е тоа дека министерот Џевдет Хајредини, под чија ингеренција е директно гувернерот на Народната банка па ја злоупотребил неговата должност со изгледот на парите, издавал такви пари какви што се.

За пратеничката група на ПДП и за албанците во Македонија тие пари се неприфатливи, изгледот на тие пари. Ако министерот мисли дека тоа е прифатливо ако парите се неприфатливи, тогаш тој многу греши.

А, каде е врската меѓу Министерството и гувернерот на Народната банка? Врската е токму таму каде што рече премиерот на Владата, дека Владата на РМ односно надлежното министерство тесно соработувало со гувернерот на Народната банка и се што тој предлагал само Владата става нејзина фирма.

Според тоа, никакво образложение тука не е потребно и не ни треба дури ни такви ставови на таков министер не ни се потребни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии, господинот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Гувернерот на Народната банка го бираат пратениците а не Владата, ниту Министерството за финансии. Тоа треба секому да е јасно и мислам дека. е елементарно знаење на секој пратеник. Тој е одговорен на Собранието, односно на дотичните господа кои треба сега околу тоа да расправаат.

А, дали јас се согласувам со обликот на парите итн. јас немам право, не сум пратеник, да учествувам во таква расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Станоевски е поканет овде уредно.

Има збор гувернерот на Народната банка, господинот Станоевски.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Претседателот на Владата спомна во неговото експозе дека навистина ова е свечен чин кога за прв пат во нашата држава се пуштаат во оптек вистински книжни и ковани пари.

Мене лично многу ми е непријатно што еден дел од пратениците, овде во Парламентот, а зад нив веројатно и нивните избирачи, се чувствуваат непријатно поради белезите што се ставени на парите. Јас, најискрено изјавувам дека ние, во Народната банка кога ги биравме овие нацрти, белези на парите, немавме ни на крај памет некого да навредиме, туку единствена цел на сите нас ни беше да најдеме решение кое ќе биде прифатливо за сите во РМ, за сите граѓани на РМ, како што беа решенијата во вредносните бонови,а сепак во однос на квалитетот и на битието препознавањето на овие пари дека се однесуваат на државата Македонија.'да направиме крупен чекор напред.

Од тие причини :се избегна, прво, она што е најтипично за сите пари , ставањето ликови на познати револуционери, уметници, книжевници, затоа што сметаме дека ставањето на ликовите во овој момент ќе биде потешко примено ако бидат само од редовите на една нација.

Со донесувањето на Законот за НБ на Македонија не беше конституиран веднаш и Советот на банката. Со еден член, да не го барам сега, се овластува гувернерот на Народната банка да одлучува за сите

компетенции од Законот за НБ до изборот на Советот. Советот на Народната банка беше избран 3 месеци по конституирањето на НБ на Македонија.

Од друга страна, процесот на производство пари трае 2 до 3 години во најскратена постапка. Ние, моравме веќе во мај да определиме неколку белези според кои ќе се прават, ќе се направат водените жигови како заштитните знаци на парите. Производството на еден жиг трае 3 до 4 месеци. Накнадно после тоа хартијата се произведува уште 3 до 4 месеци. После тоа може да се пристапи кон производство на пари. Имајќи предвид дека во рок од 1 година треба да направиме готови пари, книжни и метални пари, ние немавме време за очекување. Ако јас лично се колебав во тие моменти, денеска ќе ги лепевме и со 4 или со по 5 селотејпи вредносните бонови што ги имаме во оптек.

Се одлучивме да избереме културно уметнички споменици што го одразуваат живеењето на граѓаните на оваа Република, на овие простори. Станува збор за културно историски споменици од XII до XV век. На крај памет не ни паѓаше дека тие белези ќе навредат било чија национална свест на било која поголема или помала националност која живее на овие простори. Не се определивме за верски објекти. Ако тоа го правевме, веројатно ќе ја ставевме црквата "Свети Наум" во Скопје што е гордост на македонскиот народ, ќе ставевме други цркви и албански џамии во кои денеска седат. Принцип беше тоа да бидат културно- историско- уметнички споменици во кои сега не се обавува никаква верска служба за да не може да се навреди ничија верска концесија.

Сега гледам дека во некој поглед сме погрешиле. Меѓутоа, погрешиле во таа смисла што некој се чувствува навреден по своите чувства, меѓутоа јас лично верувам дека изборот е исклучително добар затоа што навистина презентира од историјата, од вековната историја на граѓаните на оваа

Република што се случувало на овие простори.

Јас би сакал да кажам и тоа кога сето тоа беше одлучено, Советот на банката беше формиран и се најде во состојба само да го потврди она што гувернерот пред тоа го одлучил. Според тоа, целокупната одговорност за ова е моја.

Да речеме, сегашниот министер за финансии кога дошол на функцијата Министер за финансии, парите што сега ги имате пред себе веќе беа 80% отпечатени. Не може во никој случај да влијае на измена на тие обележја.

Сакам да ви кажам само уште тоа, ова се пари со кои треба да ја поминеме втората фаза од воведувањето на нашите типично македонски ковани и книжни пари. Ние, во меѓувреме, во септември распишавме конкурс за основни белези на парите. Тој конкурс заврши на 15 април оваа година. Добивме околу 30 различни решенија. Тие седат сега сеуште запечатени. Наредните денови, наредната недела една комисија од еминентни стручњаци ќе расправа за решенијата и ќе ги одбере најдобрите решенија. И,>една по една, овие банкноти, почнувајќи од една година па натаму ќе ги повлекуваме од оптек. .Тие ќе се искинат, ќе ги повлекуваме од оптек, ќе пуштаме во оптек нови банкноти со сосема нови обележја што ќе останат наредните 10 или 15 години. Дали бе се определиме заликови или растенија или животни, мислам за тоа бе одлучи оваа Комисија и Советот, а за тоа ќе го консултираме во иднина и Парламентот. Сега имаме време да одбереме нешто што ќе биде прифатливо за сите граѓани во Републикава.

Од тие причини ги молам пратениците кои не се задоволни да не создаваме поголема непријатност, поголема недоверба од колку што веќе е создадена и тие решенија да ги прифатиме како нужни во овој момент и да ги чувствуваме сите како наши.

**ХАМИД АЛИУ.**

Тоа е точно господа дека јас сум пратеник на ова Собрание, и, уште поточно е дека сум пратеник на коалицијата ПДП НДП Точно е тоа дека тогаш се гласаше за Законот, но има стенограм како се однесувал Хамид Алиу и парламентарната група на ПДП НДПА, исто така само да потсетам дека тогаш оваа парламентарна група имаше амандман што не се усвои.

Не ми е познато дека ова Собрание, можеби јас не сум бил на таа седница, дека сме го избрале овој господин гувернер. Не е битно тоа.

За тоа дека некој се чувствува навреден, поконкретно пред малку претходниот господин што зборуваше за емоциите, тогаш има само една народна: "Ако ме "цениш те цениме".

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, почитувано претседателство,

Во принцип секогаш сум се залагал да не се вжештува атмосферата во Парламентот, секогаш сум настојувал расправата да се одвива во рамките на она што значи парламентарен фер- плеј и во рамките на Деловникот.

Денешното вжештување на. атмосферата сепак мислам дека не без причина се случи и околу.1 ова прашање треба да бидеме повнимателни. Не случајно го велам ова, затоа што уште од пред месец или два кога прв пат беа објавени сликите односно мотивите што се денес на банкнотите во средствата за јавно информирање, уште од тогаш кај огромното население кое не и припаѓа на христијанската вероисповест се создаде еден голем револт кај тие граѓани. Чак, кружеа разни информации дека тие граѓани ќе ги бојкотираат тие пари, дека тие граѓани нема да се согласат со вакви мотиви на парите итн.

Така што, сметам дека ова прашање е доста жешко и бара поголемо внимание и поголема флексибилност.

Не можам никако да се согласам со искажувањето на гувернерот на Народната банка кој рече дека според Законот тој е исклучиво овластен и е единствениот кој одлучува околу овие прашања. Тоа е така. Тоа е точно. Меѓутоа, фактот што тој е најовластен и исклучиво тој е овластен,' тоа го прави и најодговорен. Сите во било кој правен систем, па и во нашиот, секој јавен функционер кој што врз словото на законот и другите прописи има овластувања односно си ги презема овластувањата, во истиот момент тој прифаќа и ризик односно и одговорност кон извршување на таа задача.

Во конкретниот случај сметам дека гувернерот и тимот кој одлучувал за оваа работа најнеодговорно се однесувале. Ова го велам чисто о причини да беше случајот само во една банкнота или во две, тоа ќе го сфатевме и ќе го примевме и ќе го прифатевме. Но, во сите банкноти истото да се случува, не можам поинаку да го сфатам освен како провокација со исклучок таа, дополнителната што беше.

Образложението дека, немале време за поинакви решенија образложението дека се нашле во теснец, сметам дека не држи од причини што Македонија е толку богата и со историски моменти и со други прашања што, воопшто не требале толку време да бараат и да ги најдат четирите цркви за да ги вметнат во парите.

Но, ме загрижува уште нешто што гувернерот на НБ дури смета и е убеден и после сите тие реакции и после сето ова што се случува смета дека постапил најдобро, најпаметно и дека ги нашле најдобрите решенија. Тоа ме загрижува, дури и ме плаши.

Ветувањето дека во скоро време ќе се издадат други пари и можно е да се извршат и корекции, може и да се избегнат сите овие што денеска ги имаме во банкнотите сепак ми дава една трошка надеж дека сепак ќе

преовлада разумот и околу ова прашање да се изнајдат поинакви решенија. Ваквите, најискрено ви велам најпровокативно делуваат кон тие граѓани.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,дами и господа.

Навистина сум изненаден од истапите на пратениците на пратеничката група на ПДП и НДП кои зборуваат дека на парите што се предложени се со исклучиво верско обележје. Јас навистина не го гледам тоа така туку за мене тоа се културно историски обележја присутни на овие простори и , кои, меѓу другото не се само наша своина туку се и во светската културна ризница тие споменици.

Дека е тоа така јас го покажувам и ова (ја покажува банкнотата од 20 денари) на парата од 20 денари, на едната страна е

Даут пашиниот амам, а на другата страна е Саат кулата кои за мене не се со верско обележје туку се со културно историско обележје и јас, како македонец со тие се гордеам.

За тоа сметам дека ;сите предлози што се дадени за изгледот на парите за мене многу убаво изгледаат. Во рака сум имал многу пари и овие се многу убави за мене..Затоа ќе гласам за нив.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Исто би сакал и. јас да реагирам на еден вид политичка опструкција, би рекол, што се сака да се направи по повод усвојувањето на првите платежни средства на РМ.

Прво, во однос на постапката и јазикот што е употребен на тие пари, неспорно е дека е направено во согласност со Уставот и законите со кои се овластени надлежните органи. Тоа предмет на расправа не може да биде

бидејќи тоа е со Устав и закон регулирано  и тоа е усвоено. Единствени треба да бидеме во однесувањето, во нивната примена.

Второ, во однос на самите знаци дадени во овие средства добар дел од дискусијата ни одзеде претходниот колега пратеник, бидејќи исто и јас мислам дека не се верски објекти туку културно историски, така ги доживувам како културно историски, национални, државни обележја што оваа држава ја презентираат не само внатре и надвор и како такви ги прифаќам. Не сакам никој да ме стрпува и да дели Даут паин амам е наш, Света Софија е ваша. Или, левата страна на Вардар е наша, десната е ваша. Или источна Македонија е наша, западна е ваша. Или ако ја ставиме реката во Тетово е наша ако ставиме Струмичка е ваша. Ако на тоа одиме мислам дека е далеку од она што се прокламираме за она заедничко, заедништво единствено живеење и битка за афирмација на оваа држава. Мислам дека се апсурдни овие тврдења дека некој тенденциозно сакал некого да навреди или некој верски обележја. Покажи ми ти еден објект во овие пари кој што сега е активен објект во Републиката? за да можете да му дадете епитет дека е тоа верско обележје. Ако ништо повеќе барем мене можете да ми верувате за третманот на тие Верски објекти, кој каков има во практичната употреба.

Според тоа, ниту еден објект што е на парите нема активна функција во верските обележја во Републиката. Според тоа, како национални паметници мислам дека се тие најафирмирани и тие треба да ги прифатиме како заеднички, а не и по нив меѓу себе да се делиме. Тоа се национални богатства на РМ и тие припаѓаат рамноправно на сите граѓани во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г-динот Мухамет Халили.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Почитуван претседателе, поради фактот што ни се повредени верските чувства, барам 30 минути пауза заради консултација со пратеничката група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, давам 30 минути пауза.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот)

(Седницата продолжи со работа во 17,25 часот).

Продолжуваме со работа.

За збор се јави Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани колеги, почитувано претседателство, немам нешто ново да речам, меѓутоа, навистина во овие моменти наместо сите граѓани да бидат задоволни оти носиме наша валута на која треба да и се радуваме сите, но за жал еве јас лично како пратеник а претставувам над 14 илјади избирачи, не можам својот глас да го дадам за таква пара која е со мотиви од конфесионален карактер. Тоа не значи дека се цркви или џамии, меѓутоа, зарем одговорните поготово гувернерот дали требаше токму во овие моменти во Македонија да носиме пари со мотиви од вероисповед? Не

сакам да кажам дека тоа воопшто не и одговара на Македонија оти можевме да одбереме други мотиви. Македонија е богата со традиција и културна и историска и конгломератот на нациите кои живеат во неа, можеше да се избере нешто поумно. Меѓутоа, за жал еве дојдовме на една раскрсница на која одговорот тешко може да се даде, а поготово гласот.

Видете, една реченица можеби нема да го привлече вашето внимание меѓутоа, за мене парата е радост на која и се радуваат и младите и старите, на која се радуваат и децата, се радуваат и вработените, нормално. Зарем нешто на што му се радуваш, тоа веројатно е и ценето, а она што е ценето се чува во џеб. Дали можеш нешто да ставиш во џеб кое не ти одговара било од која страна да е? Мислам дека оние кои се одлучија на овие чекори не го избраа најдобриот пат, па товарот и одговорноста нека биде врз нив, а не врз мене.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа,

Во името на пратеничката група на ПДП НДП нагласувам дека идејните решенија на новите банкноти се неприфатливи за оваа пратеничка група и како такви сметам дека ќе предизвикаат пошироко импликации. Крајно сме револтирани и огорчени од овој чин, а тоа е што на четирите банкноти се внесени мотиви, иако историски, но од една вероисповест. Колку и да се сака да се образложи овој факт во тоа дека во прашање се историски, а не актуелни верски објекти, факт е дека овие објекти и припаѓаат на една култура една вера и една нација.

Како не се случи на банкнотите да се внесат четири саат кули, четири џамии или четири статуи, туку во прашање се четири цркви. Од ова произлегува дека мотивите се повеќе од јасни, а имајќи го предвид од фактот дека и по законот, а тоа овде го рече лично гувернерот дека тој е најповластен, а тоа значи и најодговорен, за сета оваа работа, јавно изјавувам дека овој функционер не го ужива легитимитетот и поддршката на нашата пратеничка група и истиот треба како морален чин да поднесе оставка. Во спротивно, ние ќе поднесеме интерпелација против истиот.

На крај ве известувам дека пратеничката група нема да учествува во изјаснувањето при донесувањето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Мислам оти не треба да постојат дилеми за значењето на овој момент, момент кога го. заокружуваме монетарното осамостојување на Република Македонија. Мислам дека овој момент претставува значаен чекор од кој во иднина ќе зависи почетната афирмација на македонскиот денар. Тоа мораме да го имаме предвид ако сакаме македонскиот денар да се афирмира како добра монета, тоа е наша цел и наша желба која уследи како резултат на еден постепен еволутивен процес самостојна Македонија со македонска национална валута за која опција и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се залагаше уште со влегувањето во овој Парламент.

Од тие причини не би сакал да ве потсетувам што со заокружувањето на монетарното осамостојување Република Македонија практично добива меѓутоа, не можеме да ги затвориме очите пред значајниот факт дека Република Македонија добива сопствени пари како еден од клучните симболи на сопствената државност. Тој факт е еден од исклучително силните мобилизаторско- движечки мотиви за македонскиот народ.• Од овој момент се здобиваме со можноста за водење на сопствена монетарна политика применлива на сопствените потреби, за оние потреби за кои самите треба да одлучуваме, да покажеме дека сме свои на своето.

Добивме инструмент за целосно и легално присвојување на целокупниот износ на така наречената емисиона добивка. Станува збор за добивка која"'редовно "е врзана со дејноста на централната банка како единствена банка од државата овластена за издавање на банкноти и други облици на примарни пари.

Искуството од другите земји недвојбено покажува дека по тој пат можно е и континуирано да се остварува во висина на неколку проценти од општествениот производ зависно од степенот на инфлацијата. Поправило тоа се движи на ниво од 2 до 2,5% максимално од општествениот. производ.

Сега таа добивка што ќе се добива и ќе се остварува, централната банка ја пренесува^-во полза на државниот буџет. Добивме пресудно , важен инструмент за изградба на рационално пазарно стопанство и за негово ефикасно учество во меѓународната економска размена.

Со тој акт македонската држава се здобива со дополнителен легитимитет, се здобива со доверба, првенствено пред сопствените граѓани, а посредно и пред целокупната меѓународна јавност.

Тоа е добрата страна. Секако постојат и некои непријатни аспекти и за кои овде треба отворено да проговориме. Имено, ако дозволиме често да се приспособува курсот на денарот на едно потценето ниво во однос на цврстите валути како што е германската марка, доларот итн. тоа ќе претставува непријатна цена што Република Македонија во иднина ќе мора скапо да ја плаќа. Секое намалување на курсот на денарот практично ќе значи валоризација на целокупниот наш труд кој, во споредба со другите земји, ќе го доживуваме како исклучително понижувачки чин. Таквиот чин и таквата положба македонскиот народ ќе може да ја избегне само доколку се постигнат подобри резултати и доколку се води таква монетарна политика која може да гарантира подобра иднина.

Конечно, а повеќе нема алиби за сопствени грешки и за сопствени промашувања. До сега овој проблем се препишуваше на некои други субјекти,од оправдани причини,што се наоѓавме со другите републики во еден заеднички монетарен систем. Меѓутоа, сега друг виновник нема и друг виновник не може да постои за состојбите во нашата монетарна политика..

Од тие причини, Владата на Република Македонија ќе биде единствениот виновник за се она што ќе се случува, бидејќи ја презема целокупната одговорност за македонскиот стопански и монетарен систем, како и за стабилната вредност на македонската валута. Таа ќе мора да ја има пресудната улога за натамошната дејствителна афирмација на македонскиот и политичкиот развој во Републиката.

Ние сме за целосно монетарно осамостојување затоа што со целосниот суверенитет на монетарното подрачје се овозможува водење на економската политика во функција на ефикасно пазарно стопанство. За таа

цел од страна на Владата бараме да се забрза процесот на приватизацијата и создавање на слободен пазар како позитивна придобивка за стопански растеж и развој на земјата наспроти хроничната нестабилност на вредноста на парите што досега постоеше и постои со оглед на високата хиперинфлација.

Според тоа, монетарната самостојност на Република Македонија овозможува, но и обврзува на водење на таква монетарна политика која Владата ќе ја доведе во состојба на прво место на своите цели да ја стави постојаната борба против инфлацијата и обезвреднувањето на нашиот труд. Тоа е неопходна обврска за Владата што ќе треба да ја прави во иднина не само од економски, туку и од политички причини.

Неопходно е овде нешто повеќе да проговориме и за непријатната страна на оваа појава. На сите ни е познато дека инфлацијата е фактички с^. сведува на прераспределба на веќе постојните вредности. Таа во суштина не е ништо друго, туку еден облик на прикриено недемократско оданочување т.е. своевиден облик на подкраднување на сопствените граѓани.

Инфлацијата во суштина не е спојива со демократското општество и развојот на демократските институции. Според тоа, таа ја наметнува потребата за стабилизација на монетарната политика. Таа не упатува на неопходно и неодложно воведување и одржување на буџетската дисциплина и решително напуштање на било каква парафискална и редистрибутивна улога на Централната банка. Посебно ја нагласувам ваквата улога на Централната банка затоа што таа најдобро може да придонесе и за остварувањето на сите задачи на економската и социјалната политика во Република Македонија, а сигурно и во однос на монетарната политика.

Со заокружувањето на сопствената македонска монетарна политика Народната банка на Македонија исто така станува самостојна и автономна централна банка која во иднина не треба да ја потценуваме ваквата нејзина улога, бидејќи тоа претставува сигурно една значајна придобивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман на член 10.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за бришење на член 3, член 5 и на член 9 за кои Владата не се произнесе. .

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот за финансии г-динот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со амандманот се предлага да се брише членот 3, но тоа не може да се прифати од причини што парите не се менуваат односно боновите со еден чин, туку боновите ќе бидат во промет и постепено ќе се повлекуваат, па оваа формулација важи за тој период дека боновите на кои се назначени

износите важат за еден    за тие постојни бонови и Амандманот за бришење на членот 3 не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, не се прифаќа амандманот за бришеше на членот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој не бара збор).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (еден).

Констатирам .дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 3 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот 2 на членот 5 се прифаќа, меѓутоа тој не е добро формулиран. Треба да гласи во член 5, ред 4, а не ред 3 по зборот "плаќан?е" не е, туку "промет", се додаваат зборовите "чекови" по тековни сметки. Се допрецизира, меѓутоа, тој како што ви е доставен не е добро прецизиран, па треба да гласи вака како што јас цитирав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само вие имавте друг текст на законот, затоа, кај вас можеби тоа е 4-ти.ред. Пратениците имаат текст на законот каде што зборот "плаќање" е во третиот ред. Која е разликата?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

После зборот "промет" треба да биде, ред четврти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е во ред. Бидејќи суштината ја прифаќа Владата, дали претседателот на Комисијата мисли дека треба да остане спорно.

Значи се согласувате.

Тогаш тоа е составен дел на текстот на законот и немаме претрес натаму.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Од дополнителните консултации што ги извршивме со луѓе што се бават директно со техниката на заокружување ни е сугерирано дека овој амандман не може да се прифати, затоа што има ситни производи, кои имаат многу мали ќелии, па при заокружувањето на поголем износ се јавуваат проблеми. Техниката бара да биде вака како што е во текстот на законот, а не како што се предлага во амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот не се прифаќа?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, ,да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот,но претставник на Владата е овластен само да се согласува, па претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи,"немаме претрес по амандманот и составен дел е на текстот.

Продолжуваме по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака.(Пратениците креваат рака).

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не се воздржува).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за промена на вредноста на денарот. .

Дами и господо пратеници, ви обрнувам внимание дека со донесувањето на овој закон Република Македонија сега навистина ја доби својата валута и дека е тоа голем ден во историјата на нашата независна држава. Сакам да ви кажам покрај сите наши овде помешани чувства и понекогаш и горчини кај поединци, тоа е сепак многу крупен настан во нашата историја и треба меѓу другото да се потсетиме дека тоа е направено од една институција на која ние можеме да имаме многу забелешки, но е на многу убав начин направено, мислам во време и со техника која е, изборот дали е ваков или таков, тој ќе се менува со време, затоа треба и на нив да им честитаме и благодариме. Ве молам, мислам дека овој голем настан да ни биде и жив и здрав нашиот денар и да го поздравиме. (Бурен аплауз).

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, ЗПК, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за стопанство ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара 'збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон гег ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

68 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој; се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за народната Република Македонија.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, ЗПК, Комисијата за земјоделство и шумарство и Комисијата за стопанство, ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Јордан Зафиров.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлог-законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити сметам дека ова Собрание ќе го прифати, со што ќе се даде придонес во ублажување на крајно тешките состојби во аграрот, а пред се во подобрување на ликвидноста. Но, сепак, не би требало да се сфати дека со средствата од овој закон дека во целост ќе се подобрат состојбите во аграрот, меѓутоа сметам дека тие перманентно треба да се следат и соодветно на тоа и да се реагира, имајќи ги предвид, пред се, спецификите на земјоделското производство, а особено при откупот на земјоделските производи. Во таа смисла би требало банката во соодветен момент од циклусот на земјоделското производство да реагира со свои средства, кои сигурно би требало да бидат регресирани со регистрирани камати, кои би требало да бидат со регресирани камати како и практично е предвидено во тековната економска политика за 1993 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, сакам да истакнам со предлагањето на овој закон практично Владата пристапува со еден практичен чекор на разрешување на присутните работи во стопанството и од тие причини, овој закон заслужува внимание. Секако, тоа внимание е посебно од аспектот што земјоделството како стопанска гранка има едно значајно место во. вкупните резултати на нашата држава. Истовремено, сакам да кажам дека паралелно со овој закон и ваквите решенија би требало да настанат и да настапи Владата со слични такви предлози со кои ќе треба да бидат земени и другите гранки од стопанството кои што исто така се сретнуваат со едни тешки околности во процесот на работењето. Поготово денеска со стапувањето на снага на новата

резолуција на Советот за безбедност по однос на односите со СР Југославија. Меѓутоа, сакам да ставам една забелешка повеќе како мерка која треба да се има предвид од аспектот на тоа што значаен дел од примарното производство, а тоа во поголем дел кај индивидуалните производители, кои што имаат значаен удел во земјоделското производство, со овој закон практично нема да ги користат бонитетите кои што се однесуваат на претпријатијата од општествениот сектор. Од тие причини лично сметам дека се прави една неправда спрема индивидуалните земјоделци, непосредни учесници во процесот на примарното производство Поготово, што тие исто така го чувствуваат овој терет сообразен со сите потешкотии кои го следат работењето на земјоделството.

Исто така, мислам дека треба да се земеше предвид и извозното стопанство кое шта. користеше значајна сума на средства од примарната емисија во изминатата година, а која плати во тој дел значаен дел и претставуваше едно значајно оптоварување на ова стопанство, а кое даде значаен придонес на ликвидноста на Република Македонија спрема странство, поготово, во најосновните елементарни потреби за задоволувањето на потребите. Верувам дека во наредните чекори кога ќе ги презема Владата дека ваквите мерки исто така ќе бидат земени предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Мицевски

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, и јас овој закон го прифаќам и ќе гласам, затоа што е доста за да се занапреди малку земјоделството, меѓутоа, сакам да речам дека сразмерно со овој закон по итна постапка што го носиме потребно би било по итна постапка да се донесе таков пропис каде што и индивидуалните земјоделци ќе можат да

користат такви олеснувања на одложувања на каматите. Со овој што го поздравувам закон ќе создадат олеснувања само во стопанските организации и тие ќе ги искористат овие кредити што се дадени со овие камати на индивидуалните земјоделци во однос на ѓубрива, семе и други производи тие веќе се зарачунати,дали ќе бидат и кај нив ослободени извесни олеснувања со одлагање на овие камати како што ќе биде тоа во стопанската организација, така треба да следува олеснување и на индивидуалните, односно стопанската организација која ги користи овие привилегии да им ги допушти и на индивидуалните производители да можат да ги користат уште со стапувањето на ова во сила кога ќе ги користат овие стопански организации.

Инаку, по мене, практично произлегува вака, јас не знам како би можел да го докажам тоа неправилно однесување кон тоа дали за еден кгр. семе сончоглед треба сега во моментот со овие стапки со кои што се калкулира да врати индивидуалецот 20 кгр. сончоглед. Тоа значи тука се врши експлоатација на тој начин, а овие ќе ги користат овие олеснувања, каматите за 20, за 10 или 15 години ќе создаваат нивни капитал, а од друга страна овие ќе ни ги обрачунуваат исто вака како што велам на овој начин едно кгр. семенско производство за 10 кгр. друго. А толку раѓа еден декар. Затоа, предлагам по итна постапка да биде донесен таков пропис за да може да се користи и во индивидуалниот сектор. :

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јордан Зафиров поднесе амандмани на член 2, член 4, став 1, член 5 и на член 7, став 1, со кој претставникот на Владата не се согласи.

ЗПК поднесе амандман на член 13. Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 4, став 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 8, став 3 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман став 1 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

19 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 1 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, став 1 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 1 поднесен од Комисијата за финансираше и буџет.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

5 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, став 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Господинот Зафиров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 1 поднесен од пратеникот Јордан Зафиров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, г-динот Зафировски го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 3, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот на членот 8, став 3 Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од Законодавно- правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (66) .

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити.

Со ова ја завршуваме денешната наша работа, а продолжуваме во вторник во 10,00 часот.

Комисиите да работат и во понеделник.

Седницата прекина со работа во 18,10 часот.